Асоцијацијата за економско истражување, застапување и донесување економски политики “Finance Think” – Скопје е посветена на вработување и соработка со високо-мотивирани, амбициозни и талентирани економисти кои се способни да размислуваат креативно за решавање на економските проблеми.

Во моментот, слободни се следните работни позиции:

1. Економски аналитичар-истражувач

За работното место, потребни се следните **квалификации**:

- Магистратура во областите на економски развој, макроекономија, финансиски систем и сродни области, со просек од најмалку 9.00 (или еквивалент)
- Познавање алатки за применета статистичка анализа
- Познавање англиски јазик и напредна компјутерска писменост
- Работно искуство во економско истражување (институционално или на проекти) од минимум 2 години

*Предност* ќе имаат кандидати со:

- Работно искуство / пракса во странска истражувачка институција
- Работно искуство на прашања сврзани со фискална политика и управување со јавните пари

За работното место се потребни следните **лични карактеристики**:

- Аналитичност, прецизност и запазување детали во работењето
- Способност за јасно и концизно изразување при пишување, и способност за синтеза
- Способност за контекстуализација (гледање на големата слика), со истовремена способност за длабинска анализа
- Способност за справување со повеќе разновидни задачи истовремено
- Екстровертност, со нагласена способност за појавување и говорење во медиумите
- Навременост и строго почитување рокови

Документите кои ги докажуваат горните барања, заедно со мотивациско писмо (една страна), да се доставаат по електронски пат на info@financethink.mk **најдоцна до 21.8.2015**.

Првичната селекција ќе се спроведе врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на интервју.